УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ

# НОВЕ
# НОВЕ
# НОВЕ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

# НОВЕ ФРАНГОВСКИ

15 — 30. IV 1971

— Морија ли е тоа на нашето време или се злокобни предчувства или некоја надеж е што допрва облик свој ќе добие . . . .

Дали онаа силуета на хоризонтот е поетот што си оди или што доаѓа? Дали е тоа пред или зад нас? Дали е зајди сонце или е мугра? Или е некоја вечна флуоресцентна ноќ? Некоја млечно-бела, блескава ноќ — идниот ден. На челик стиснат во врескаво обоени бетони, омегени со геометриката на кибернитизирани антиемоции — на математички испарцелисани предодредености. Безгласна, метафизички заледена, некаква вечност — на урбанизирана постнуклеарна опустошеност, — на нови ариевци, — на безчуствени отуѓености, — на осамени роботизирани божества. Индустриски нова стварност — на компјутеризирана предметност . . . .

Уметникот — пророк и сведок, повторно се раѓа од пепелта на минатата сегашност и веќе му припаѓа на она што допрва ќе дојде. Тој е веќе таму. Повторно, потретно, веќе ја талка сизифовата карпа, свесен за залудните, јалови, никому непотребни напори. Сепак тој е таму и без оглед на својата немоќ, трага по оние недокучиви одблесоци кои мора да се некаде па макар и во рефлексите на лакирана машина, во сонцата на неонските светилки или во нивниот одраз врз стаклените очи на роботот. Тоа е единственото нешто што треба да го стори. Да го искачи до врвот каменот што ќе се стрмоглави.

И пак повторно . . . . .

*Димитар Кондовски*



Роден во Галичник 1939 година дипломирал на Академија за ликовна уметност во Белград, Студиски патувања: Италија, СССР и Франција.

Самостојни изложби:

1968 Бор, Скопје
1969 Белград

Групни изложби:

1966 „Група 66" во Белград,
Октобарски салон во Белград, Ниш и Приштина,
1967 Изложбата на војници — сликари во Сплит и Белград
1968 Изложба на Н О В во Скопје,
„Наше минато" во Скопје
1969 „Ангажирана уметност во Југославија" во Словен Градец
„Современо македонско сликарство" во Инстанбул и Анкара
„25 години на АСНОМ" во Скопје
„Современа македонска уметност" во Ферара (Италија)
1970 „Моето сакано дело" во Скопје
„Изложба на СЛУЈ" во Загреб
„25 години на ДЛУМ" во Скопје

Од 1667 учествувал на изложбите на ДЛУМ во земјата и странство.

Награди: II награда за сликарство на изложбста „25 години АСНОМ" во Скопје 1969.



21 КРАЈ НА ЛЕТОТО



11 АСОЦИЈАТИВЕН ПРЕДЕЛ





1 ГАЛИЧКА
ОДАЈА



7 ЗАБОРАВЕН ПРЕДЕЛ



## К А Т А Л О Г

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Галичка одаја | масло | 100 × 125 | 1970 |
| 2. | Немирен сон | „ | 100 × 125 | 1970 |
| 3. | Скок во иднината (сопственост на Умет. галерија) | „ | 100 × 135 | 1969 |
| 4. | Јас тоа го видов | „ | 100 × 135 | 1968 |
| 5. | Во чест на Бог Олимп | „ | 100 × 125 | 1970 |
| 6. | Имагинација | „ | 60 × 60 | 1968 |
| 7. | Заборавен предел | „ | 90 × 135 | 1970 |
| 8. | Што работат раците | „ | 100 × 140 | 1970 |
| 9. | Тенисер | „ | 120 × 135 | 1969 |
| 10. | Акробати | „ | 120 × 130 | 1969 |
| 11. | Асоцијативен предел | „ | 100 × 120 | 1970 |
| 12. | Бегање | „ | 35 × 50 | 1969 |
| 13. | Пејсаж | „ | 68 × 68 | 1971 |
| 14. | Запис | „ | 40 × 45 | 1969 |
| 15. | Геометриско размислување | „ | 70 × 100 | 1970 |
| 16. | Магична игра | „ | 180 × 135 | 1970 |
| 17. | Изгубени предмети | „ | 35 × 40 | 1968 |
| 18. | Раѓање на трагедијата | „ | 45 × 30 | 1971 |
| 19. | Пладне на медитеранот | „ | 90 × 35 | 1971 |
| 20. | Недочекана илузија | „ | 110 × 120 | 1969 |
| 21. | Крај на летото | „ | 100 × 125 | 1970 |
| 22. | Трубадури | „ | 40 × 35 | 1969 |
| 23. | Без патоказ | „ | 40 × 35 | 1968 |
| 24. | Немир во пејсажот | „ | 70 × 45 | 1969 |
| 25. | Пејсаж | „ | 110 × 135 | 1971 |
| 26. | Ботаничар | „ | 70 × 100 | 1968 |
| 27. | Плодови на војната | „ | 75 × 45 | 1968 |
| 28. | Разгледување на експонатите I | „ | 100 × 100 | 1970 |
| 29. | Мистерија | „ | 70 × 100 | 1969 |
| 30. | Разгледување на експонатите II | „ | 60 × 60 | 1971 |
| 31. | Меѓа | „ | 68 × 68 | 1971 |
| 32. | Ноктурно | „ | 35 × 45 | 1969 |
| 33. | Игра | „ | 100 × 135 | 1970 |
| 34. | Раѓање на денот | „ | 100 × 135 | 1971 |
| 35. | Самоилов војник | „ | 70 × 100 | 1969 |
| 36. | Скок | „ | 100 × 125 | 1970 |

ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — СКОПЈЕ